РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 10-2032/2
24-08-2026 20___ год.-vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Податоци за органот кој го изработува планскиот документ	
Назив на планскиот документ	Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година
Орган надлежен за изработка на планскиот документ	Министерство за животна средина и просторно планирање
Орган надлежен за донесување на планскиот документ	Влада на Република Северна Македонија

Податоци за изработувачот на планскиот документ	
Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ	Тим на ЕУ IPA Проект "Поддршка во спроведувањето на Директивите за квалитет на воздухот" за потребите на Македонскиот информативен центар за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање Анета Стефановска, раководител на Одделение за мониторинг на квалитет на амбиентен воздух, Македонскиот информативен центар за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање Александра Несторовска-Крстеска, Советник за собирање, обработка,анализа и презентација на податоци за емисии во воздух, Македонскиот информативен центар за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање
Назив на работното место	Раководител на Одделение за мониторинг на квалитет на амбиентен воздух Советник за собирање, обработка,анализа и презентација на податоци за емисии во воздух
Контакт податоци на лицето	a.stefanovska@moepp.gov.mk a.krsteska@moepp.gov.mk

Основни податоци за планскиот документ
Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)
Основа за подготовка на Националниот план за квалитет на амбиентниот воздух 2027–2031 е член 23 од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 151/21 и 3/25). Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година се донесува за период од 5 години. Националниот план за заштита на амбиентниот воздух 2027-2031 година воспоставува стратешка рамка за управување со амбиентниот воздух и е насочен кон постигнување и одржување на стандардите за квалитет на амбиентниот воздух и намалување на изложеноста на населението. Планот ја оценува состојбата со квалитетот на амбиентниот воздух и релевантните извори на емисии во Република Северна Македонија, го разгледува напредокот и научените лекции од претходниот Национален план за заштита на квалитетот на амбиентниот воздух за периодот 2013–2018 година и ја оценува ефикасноста на досега спроведените мерки. Врз таа основа, Планот ги утврдува дополнителните политики и мерки потребни за постигнување и одржување на важечките национални стандарди за квалитет на амбиентниот воздух во најкраток можен рок и за прогресивно приближување кон барањата на Директивата (ЕУ) 2024/2881.
Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?
Да ☒ **Не ☐**
Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?
Не се работи за формална измена на постоечки плански документ, туку за донесување нов плански документ што ги наследува и надградува претходниот Национален план за заштита на квалитетот на амбиентниот воздух за периодот 2013–2018 година.
Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.
Планскиот документ не опфаќа експлицитно област определена со посочениот член. Но, Планот има изразен меѓусекторски карактер и опфаќа, односно поставува рамка за политики и мерки во областите енергетика, индустрија, транспорт, земјоделство, управување со отпад, домување и просторно/урбано планирање, кои се релевантни во смисла на член 65 став 2 од Законот за животната средина.
Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).

Да ☒ **Не ☐**	**Член: 3**	**Точка 13**	**Алинеја:**

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува

потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.
Да. Имплементацијата на одделни мерки од Планот може да резултира со подготовка на поединечни програми и проекти, меѓу другото за замена на неефикасни уреди за греење и премин кон почисти системи за греење, обновување на возниот парк и јавниот транспорт, инфраструктура за алтернативни горива, индустриски и енергетски постројки и системи за контрола на емисиите, како и технички интервенции поврзани со земјоделските мерки. Зависно од нивниот вид, големина, капацитет и локација, дел од овие проекти можат да бидат опфатени со Прилог I или Прилог II од Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. За таквите проекти ќе се спроведуваат соодветните законски постапки, без тоа да ја заменува оцената на стратешките, кумулативните и индиректните влијанија во рамките на оваа СОЖС.
Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.
НЕ.
Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.
Клучната одлука е утврдување на национална, интегрирана рамка на цели, приоритети и мерки за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и намалување на емисиите на загадувачки супстанции. Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година има примарна цел постигнување и одржување на националните стандарди за квалитет на амбиентниот воздух и намалување на изложеноста на населението. Планот поддржува прогресивно усогласување првенствено со Директивата (ЕУ) 2024/2881 за квалитет на амбиентниот воздух и почист воздух за Европа. Тоа се постигнува преку намалување на емисиите на изворот, намалување на изложеноста на населението, приоритизација на ранливите групи, подобрување на мониторингот, моделирањето и спроведувањето и интегрирање на целите за воздух во политиките за енергетика, транспорт, индустрија, земјоделство, управување со отпад, домување и просторно планирање. Кохерентноста со националните обврски за намалување на емисиите согласно Директивата (ЕУ) 2016/2284 се обезбедува преку поврзаноста со Националната програма за контрола на загадувањето на воздухот (NAPCP), која претставува посебен и комплементарен плански документ. Националната планска политика за квалитет на амбиентниот воздух обезбедува единствена, кохерентна рамка за постигнување на следните специфични цели: Подобрување на квалитетот на воздухот преку стремеж кон исполнување на граничните вредности на концентрацијата на загадувачки материи, целните вредности и критичните нивоа утврдени според важечкото законодавство за квалитет на амбиентниот воздух во најкраток можен рок во сите зони и агломерации на Република Северна Македонија; Во областите каде што концентрациите на загадувачки материи ги надминуваат овие вредности, дефинирање и спроведување на целни мерки за намалување на изложеноста на населението и минимизирање на нивоата на концентрација во најголема можна мера; Одржување на квалитетот на воздухот таму каде што е веќе добар со обезбедување дека концентрациите на загадувачки материи остануваат под важечките гранични вредности, целните вредности и критичните нивоа во сите зони и агломерации каде што овие стандарди веќе се исполнети.
Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)

Управување со квалитетот на амбиентниот воздух, постигнување и одржување на стандардите за квалитет на амбиентниот воздух и намалување на изложеноста на населението, преку меѓусекторски мерки за намалување на емисиите од клучните извори во домаќинствата и греењето, енергетиката, транспортот, индустријата и земјоделството, како и преку поддржувачки мерки за мониторинг, планирање и спроведување.
Периодот за донесување на планскиот документ.
Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година се донесува за период од 5 години (член 25 од Законот за квалитет на амбиентниот воздух).
Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?
Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година се донесува за период од пет години и може да се ревидира по потреба по најмалку една година од неговото спроведување, согласно член 26 од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух.
Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).
Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година се однесува на целата територија на Република Северна Македонија, при што приоритетно внимание се посветува на зоните и агломерациите со надминувања на стандардите за квалитет на воздух, урбаните жаришта со висока изложеност на населението и подрачјата со значајни емисиони извори.
Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.
Да☒ **Не☐**
Дали е приложена копија од целите?
Да☒ Не☐ Целите се дадени во Прилог 1 од овој СОЖС Формулар.
Резиме на влијанијата врз животната средина **(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).** Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година обезбедува интегрирана стратешка рамка за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, намалување на емисиите од клучните извори и изложеноста на населението и заштита на здравјето на луѓето и животната средина. Планот ја оценува состојбата со квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии во сите релевантни сектори. Избраниот пакет мерки WAM1 е структуриран во греење во домаќинствата, транспорт, индустрија и енергетика, земјоделство и дополнителни поддржувачки мерки. Во Планот се оценуваат концентрациите и усогласеноста за релевантните загадувачки супстанции во амбиентниот воздух, вклучително PM_{10}, $PM_{2.5}$, азот диоксид (NO_2), SO_2, озон (O_3), јаглерод моноксид (CO), бензен, тешки метали и бензо[а]пирен.

Имплементацијата на Планот ќе придонесе за:

- Намалување на емисиите од клучните извори на $PM_{2.5}$ и PM_{10} и на нивните прекурсори и други релевантни загадувачки супстанции (NO_x, SO_2, NMVOC и NH_3), со што се очекува намалување на концентрациите на PM_{10}, $PM_{2.5}$, NO_2 и, како дополнителна корист, бензо[а]пирен и други релевантни загадувачки супстанции во амбиентниот воздух;
- Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух;
- Намалување на изложеноста на населението на загадувачки материи и подобрување на јавното здравје;
- Намалување на притисокот врз екосистемите, почвите, водите и биолошката разновидност преку намалена атмосферска депозиција на загадувачки материи;
- Поттикнување на користење почисти технологии, енергетска ефикасност и одржлив транспорт;
- Подобрување на системот за мониторинг, институционалната координација и спроведувањето на политиките за заштита на животната средина;
- Прогресивно усогласување со релевантното законодавство на Европската Унија, особено Директивата (ЕУ) 2024/2881, и зајакнување на кохерентноста со другите национални и меѓународни политики и обврски во областа на животната средина.

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.

Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата	Веројатноста и интензитетот на влијанијата ќе зависат од динамиката, обемот и ефикасноста на спроведувањето на мерките. Се очекува висока веројатност за значајни позитивни влијанија врз квалитетот на воздухот, здравјето и екосистемите. Сепак, поради меѓусекторскиот карактер на мерките и можноста тие да иницираат инфраструктурни, технолошки и регулаторни промени, не може однапред да се исклучат индиректни, секундарни или локализирани негативни влијанија, вклучително пренос на притисок од воздух кон вода, почва, отпад, природни ресурси и земјиште. Овие влијанија треба да се оценат во СОЖС и, каде што е применливо, во последователните постапки на пониско ниво. Времетраењето на влијанијата во најголем дел е поврзано со периодот на важност на Планот, при што значителен дел од позитивните ефекти, особено оние поврзани со подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на емисиите и заштита на здравјето и екосистемите, се очекува да имаат долгорочен карактер и по истекот на планскиот период. Стратешката оцена ќе ги разгледа веројатноста, времетраењето, зачестеноста, реверзибилноста, просторниот обем и значајноста на директните, индиректните, секундарните и кумулативните влијанија на пакетот мерки. За поединечните плански и проектни активности што ќе произлезат од Планот, деталните локациски и проектни влијанија дополнително ќе се оценуваат во соодветните постапки за стратегиска оцена, оцена на влијанието врз животната средина, оцена на прифатливост и/или дозволување, согласно важечкото законодавство.
Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето	Поради националниот и меѓусекторски карактер на Планот се очекуваат значајни кумулативни позитивни ефекти од истовремено намалување на емисиите во домаќинствата, транспортот, индустријата, енергетиката и земјоделството. Истовремено, СОЖС треба да ја провери можноста за кумулативни или синергетски негативни ефекти од повеќе паралелни инвестиции и промени, како што се зголемена побарувачка за електрична енергија и материјали, создавање

	нови текови на отпад од заменета опрема и возила, локално зафаќање земјиште и влијанија врз водите и биодиверзитетот. Значајноста на ваквите ефекти ќе зависи од изборот на технологии, локации и мерки за управување.
Прекугранична природа на влијанијата	Можноста за прекугранични влијанија е релевантна за овој плански документ, имајќи предвид дека атмосферските загадувачки материи се пренесуваат на големи растојанија и нивните ефекти не се ограничени со државните граници. Спроведувањето на мерките се очекува главно да има позитивни прекугранични ефекти преку намалување на емисиите од извори на територијата на Република Северна Македонија и со тоа намалување на придонесот кон прекуграничниот пренос на загадување. Моделирањето на Планот ја зема предвид и загаденоста што се пренесува од регионалниот простор кон Република Северна Македонија. Во рамките на СОЖС треба да се потврди дали некоја од предложените секторски мерки или идни инфраструктурни зафати може да создаде веројатни значајни негативни прекугранични влијанија; врз основа на природата на предложениот пакет мерки, такви влијанија не се очекуваат, но не треба да се исклучуваат без соодветна проверка.
Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)	Општо земено, спроведувањето на Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година се очекува да придонесе за намалување на ризиците по животот и здравјето на луѓето, како и по животната средина, преку намалување на емисиите на загадувачки материи и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух. Со имплементацијата на мерките се очекува значително намалување на здравствените ризици поврзани со изложеноста на загаден воздух. Сепак, одделни мерки можат да иницираат проекти или технологии со сопствени ризици од несреќи и хаварии, на пример инфраструктура за алтернативни горива и полнење, енергетски и индустриски модернизации и системи за греење. Овие ризици не се создаваат директно со Планот, но треба да бидат земени предвид при изборот на мерки и да се оценат и управуваат во соодветните последователни постапки за планирање, оцена и дозволување.
Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)	Планот се однесува на целата територија и практично на целокупното население на Република Северна Македонија. Просторната распределба на ефектите нема да биде еднаква: најголеми здравствени придобивки се очекуваат во густо населените урбани подрачја и жаришта со надминувања и висока изложеност, додека дел од мерките ќе имаат секторски или локализирани влијанија во индустриски, енергетски, земјоделски и транспортни подрачја. Посебно внимание треба да се посвети на децата, постарите лица, лицата со респираторни и кардиоваскуларни заболувања и домаќинствата со ниски приходи/енергетска сиромаштија.

Дел од потенцијалните економски и социјални влијанија што би ги предизвикал планскиот документ се следни:

Позитивни влијанија:

- Подобрување на јавното здравје: Намалувањето на концентрациите на загадувачките супстанци во воздухот ќе придонесе за намалување на респираторните и кардиоваскуларните заболувања, намалување на предвремената смртност и подобрување на квалитетот на животот на населението.
- Намалување на трошоците за здравствена заштита: Подобриот квалитет на амбиентниот воздух ќе доведе до намалување на трошоците за лекување, отсуствата од работа и економските загуби поврзани со заболувања предизвикани од загадувањето на воздухот.
- Поттикнување на зелени инвестиции и економски развој: Имплементацијата на мерките ќе придонесе за развој на почисти технологии, подобрување на енергетската ефикасност, модернизација на индустријата и развој на одржлив транспорт, со што ќе се создадат можности за нови инвестиции и вработувања.
- Подобрување на квалитетот на живот: Подобриот квалитет на амбиентниот воздух ќе обезбеди поздрави услови за живеење, особено за чувствителните категории на население, како што се децата, постарите лица и лицата со хронични заболувања.
- Усогласување со европските политики и подобрување на институционалните капацитети: Спроведувањето на Планот ќе придонесе за подобрување на мониторингот, инспекцискиот надзор, институционалната координација и исполнување на обврските во процесот на пристапување кон Европската Унија.

Негативни влијанија:

- Потреба од значителни финансиски инвестиции: Реализацијата на мерките ќе бара дополнителни финансиски средства за модернизација на системите за греење, транспортната инфраструктура, индустриските постројки, мониторингот и институционалните капацитети.
- Преодни економски влијанија врз одделни сектори: Воведувањето построги еколошки стандарди може да предизвика дополнителни трошоци за индустријата, енергетскиот сектор, транспортот и домаќинствата во процесот на прилагодување кон новите барања.
- Социјални предизвици при спроведувањето на мерките: Одредени мерки, како замена на системите за греење, ограничувања за високоемисиони возила или промени во користењето на енергенсите, може привремено да влијаат врз одредени категории на население доколку не бидат придружени со соодветни механизми за финансиска и социјална поддршка.

Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:

Во рамките на СОЖС треба да се идентификуваат и просторизираат значајните и чувствителните рецептори и области кои можат да бидат засегнати од спроведувањето на мерките, вклучително заштитени подрачја и еколошки мрежи, чувствителни живеалишта, водни тела и заштитни зони, населени места со висока изложеност, објекти за здравство и образование, културно наследство и други подрачја со висока еколошка или општествена вредност. Ова треба да овозможи рано избегнување на несоодветни локации и дефинирање критериуми за последователното планирање.

Посебни природни карактеристики или културно наследство	Република Северна Македонија располага со значајно природно и културно наследство, кое претставува важен ресурс и треба да биде земено предвид при планирањето и спроведувањето на сите активности што ќе произлезат од Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година. Иако Планот не предвидува конкретни инфраструктурни зафати или утврдување на локации за градба, неговата имплементација треба да биде усогласена со националните политики и законската регулатива за заштита на природата, биолошката разновидност и културното наследство.

	При подготовката на поединечните плански, програмски и проектни документации што ќе произлезат од спроведувањето на Планот, ќе биде неопходно да се извршат соодветни анализи на потенцијалните влијанија врз заштитените подрачја, еколошките мрежи, природните вредности и недвижното културно наследство, како и да се применат соодветни мерки за нивна заштита, согласно важечката национална регулатива. Сите идни проекти што ќе произлезат од имплементацијата на Планот ќе бидат предмет на соодветни постапки за оцена на влијанијата врз животната средина или стратегиска оцена, каде што ќе се анализира нивното потенцијално влијание врз природното и културното наследство и ќе се дефинираат мерки за избегнување, намалување или отстранување на евентуалните негативни влијанија.
Надминувања на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности	Мерките предвидени во Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година се насочени кон намалување на постојните надминувања на граничните и целните вредности за квалитет на амбиентниот воздух, особено во однос на суспендираните честички ($PM_{2.5}$ и PM_{10}), како и другите загадувачки супстанции за кои се утврдени надминувања или постои ризик од нивно надминување. Имплементацијата на Планот се очекува да придонесе за постигнување и одржување на националните стандарди за квалитет на амбиентниот воздух и за прогресивно приближување кон барањата на Директивата (ЕУ) 2024/2881, преку намалување на емисиите од клучните извори на загадување и намалување на изложеноста на населението. При спроведувањето на поединечните мерки и активностите што ќе произлезат од Планот, неопходно е да се земе предвид постојната состојба на медиумите на животната средина, особено во подрачјата каде што се евидентирани надминувања на стандардите за квалитет на амбиентниот воздух или каде што постои ризик од нивно надминување, со цел да не се предизвика дополнително оптоварување на животната средина и да се обезбеди постигнување на утврдените цели за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух.
Интензивна употреба на земјиштето	Планот не определуваат конкретна пренамена на земјиште или локации за градба. Сепак, дел од мерките може индиректно да предизвикаат потреба од земјиште за нова или модернизирана енергетска, транспортна, грејна, отпадна или друга инфраструктура. Поради тоа, СОЖС треба да ги разгледа можните просторни импликации и да утврди критериуми за избегнување на вредно земјоделско земјиште, заштитени и чувствителни подрачја и други конфликтни намени. Доколку во рамките на имплементацијата на Планот произлезат поединечни инфраструктурни или технички проекти, нивното планирање и реализација ќе се вршат согласно важечката просторно-планска документација и законската регулатива, при што ќе се анализираат можните влијанија врз користењето на земјиштето и ќе се предвидат соодветни мерки за нивно минимизирање.
Влијанијата врз областите или пејзажите	Основниот ефект од намалувањето на атмосферското загадување врз заштитените подрачја, природните живеалишта и биолошката

што имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.	разновидност се очекува да биде позитивен, особено преку намалување на азотната и сулфурната депозиција, ацидификацијата и еутрофикацијата. Сепак, бидејќи дел од мерките може да резултираат со инфраструктурни или просторни зафати, не може однапред да се исклучат локализирани негативни влијанија врз заштитени подрачја, еколошки коридори, живеалишта и видови; тие треба да се избегнат преку стратегиски локациски критериуми и, каде што е применливо, преку оцена на прифатливоста и последователните постапки. Доколку во рамките на спроведувањето на Планот произлезат поединечни плански или проектни активности со просторна компонента, нивното влијание врз национално и меѓународно заштитените подрачја ќе биде предмет на анализа во рамките на соодветните постапки за стратегиска оцена на животната средина, оцена на влијанието врз животната средина и, доколку е применливо, оцена на прифатливоста за еколошката мрежа, согласно важечката законска регулатива.

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година поставува национална рамка за избор, приоритизација, финансирање и спроведување на мерки, особено во греењето во домаќинствата, транспортот, индустријата и енергетиката и земјоделството, поддржани со хоризонтални мерки за мониторинг, планирање и спроведување. Иако Планот не утврдува конкретни локации и технички параметри на поединечни проекти, тој влијае врз природата, временската динамика и распределбата на идните инвестиции и регулаторни активности. Оттука, Планот има значајна улога во поставувањето рамка за идни проекти и одлуки на пониско ниво. Во планот се наведени и проекции на емисии во воздухот кои детално се наведени според различни сценарија како сценарио со постоечки мерки-WEM, дополнителни мерки WAM-1, кое е избрано за постигнување на национални обврски за редукација на емисии и WAM-2, кои се детално наведени во Националната програма за контрола на загадувањето на воздухот.

Избраниот WAM1 пакет вклучува: забрзана замена на неефикасни уреди за греење на цврсти горива и постепено укинување на употребата на јаглен во домаќинствата; мерки за обновување и контрола на возниот парк, јавен транспорт, електрични возила, ниско- и нулта-емисиони зони и инфраструктура за алтернативни горива; спроведување на барањата за големи и средни согорувачки постројки и построга контрола на индустриската употреба на растворувачи; нискоемисиони техники за примена на течен арски отпад од свињарство, промена на формите на минерални ѓубрива и делумна забрана за палење земјоделски остатоци; како и дополнителни поддржувачки мерки за мониторинг, моделирање, инспекција, институционален капацитет и јавна свест. СОЖС треба да обезбеди стратегиски критериуми и мерки што ќе се пренесат во последователното планирање и проектирање, покрај примената на законските процедури за просторно планирање, оцена на влијанието врз животната средина, дозволување и заштита на природата.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Бидејќи Планот е национален и не определува единечна проектна локација, релевантната „околина" ја опфаќа целата територија на Република Северна Македонија. За СОЖС се особено важни: урбаните жаришта со високи концентрации и изложеност на населението; подрачјата со значајни индустриски и енергетски извори; главните транспортни коридори; земјоделските

подрачја со значајни емисии на амонијак; областите со проблеми со управување и горење отпад; како и заштитените и чувствителните природни подрачја. Овие просторни разлики треба да се земат предвид при оценувањето и при дефинирањето на мерките.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).

Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година претставува стратешки документ што има значајна улога во интегрирањето на аспектите на заштита на животната средина во секторските политики и планирањето на национално ниво. Планот директно придонесува кон промовирање на одржливиот развој преку воспоставување мерки за намалување на емисиите од клучните извори, подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, намалување на изложеноста на населението, заштита на здравјето и зачувување на природните ресурси и екосистемите. Обемот на Планот придонесува за намалување на постојните еколошки проблеми поврзани со загадувањето на воздухот и воспоставува основа за долгорочно подобрување на состојбата со квалитетот на животната средина, преку примена на принципите на превенција, интегрирано управување, одржливо користење на ресурсите и усогласување со националното и европското законодавство.

Во таа насока, клучните придобивки од спроведувањето на Планот се:

- намалување на емисиите од клучните извори што придонесуваат кон концентрациите на $PM_{2.5}$, PM_{10}, NO_2 и други релевантни загадувачки супстанции;
- подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и намалување на изложеноста на населението на загадување;
- заштита на здравјето на населението преку намалување на ризикот од респираторни и кардиоваскуларни заболувања;
- унапредување на енергетската ефикасност и поттикнување на користење почисти технологии и одржливи извори на енергија;
- поддршка на одржлив транспорт и намалување на емисиите од сообраќајот;
- намалување на негативните влијанија врз екосистемите, биолошката разновидност, почвите и водите преку намалување на атмосферската депозиција на загадувачки материи;
- зајакнување на системот за мониторинг, управување и институционална координација во областа на квалитетот на воздухот;
- усогласување со барањата на законодавството на Европската Унија и придонес кон исполнување на националните и меѓународните цели за заштита на животната средина и одржлив развој.

Планот има значителен позитивен потенцијал за одржлив развој, особено преку здравствени придобивки, почисти технологии, енергетска ефикасност и синергии со климатските цели. Сепак, СОЖС треба да обезбеди дека изборот и спроведувањето на мерките не предизвикуваат значајни негативни ефекти во други медиуми или сектори, односно дека се избегнува пренос на загадувањето и притисокот кон води, почва, отпад, биодиверзитет, земјиште и природни ресурси и дека се применуваат принципите на превенција, претпазливост, „загадувачот плаќа" и праведна транзиција.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).

Главниот еколошки и здравствен проблем е високата изложеност на населението на загаден амбиентен воздух, при што PM_{10} и $PM_{2.5}$ претставуваат главен предизвик во повеќе зони и агломерации. Покачените концентрации на бензо[а]пирен, а на одделни локации и на бензен, исто

така остануваат релевантни. За повеќето други регулирани загадувачки супстанции состојбата генерално е подобрена, но потребно е одржување на усогласеноста и понатамошно намалување на изложеноста. Загадувањето има значајни здравствени последици и влијае врз екосистемите преку атмосферска депозиција, ацидификација и еутрофикација. Дополнително, секундарното формирање на суспендирани честички и озон ја нагласува потребата од интегриран пристап кон релевантните прекурсори.

Клучните причинители и поврзани еколошки проблеми се емисиите од индивидуалното греење на домаќинствата, патниот транспорт, индустријата и енергетиката, земјоделството и управувањето со отпад, вклучително користење неефикасни системи и цврсти горива, стар возен парк, индустриски и согорувачки извори, емисии на амонијак од ѓубрива и арско ѓубриво и неконтролирано горење отпад. Релевантни се и климатско-воздушните синергии и компромиси, можниот пренос на влијанија меѓу медиумите, недостигот на финансиски средства, податоци и институционални капацитети и потребата од силна меѓусекторска координација.

Спроведувањето е насочено кон намалување на постојните еколошки и здравствени проблеми, но одделни мерки можат да создадат нови локални или секундарни притисоци ако не се соодветно дизајнирани. Релевантни примери се дополнителна потрошувачка на електрична енергија, материјали и земјиште, создавање отпад од заменета опрема и возила, влијанија од нова инфраструктура, како и можен пренос на загадувањето кон води и почва. СОЖС треба да ги спореди алтернативите и да утврди мерки за избегнување и ублажување на овие ризици. Спроведувањето може да биде ограничено и од финансиски средства, достапност на почисти технологии, капацитети на институциите и општините, спроведување и инспекција, меѓусекторска координација и прифатливост за домаќинствата и економските оператори.

Со успешното спроведување на Планот се очекува постепено решавање или значително намалување на еколошките проблеми поврзани со загадувањето на воздухот, подобрување на квалитетот на животната средина, намалување на ризиците по здравјето на населението, намалување на негативните влијанија врз екосистемите и подобрување на усогласеноста со националните и европските стандарди за квалитет на амбиентниот воздух.

Објаснете како планскиот документ што е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година произлегува од националното законодавство за квалитет на амбиентниот воздух и животната средина, како и од потребата за намалување на загадувањето на воздухот и усогласување со законодавството на Европската Унија. Планот претставува национален стратешки документ што воспоставува рамка за постигнување и одржување на стандардите за квалитет на амбиентниот воздух и намалување на изложеноста на населението преку дефинирање политики, цели и мерки, вклучително мерки за намалување на емисиите од клучните извори.

Од аспект на хиерархијата на планирање, Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година е поврзан со низа национални и регионални стратешки документи.

Во однос на управувањето со квалитетот на воздухот и животната средина, Планот е поврзан со:

- Нацрт Национална програма за контрола на загадувањето на воздухот (NAPCP) — посебен и комплементарен национален инструмент за намалување на емисиите согласно Директивата (ЕУ) 2016/2284; во овој СОЖС формулар се разгледува само како поврзан плански документ, а не како предмет на оценатa;
- Планска програма за почист воздух 2024 – 2030, Влада на РСМ,
- Стратегија за управување со отпад на РС Македонија (2024-2036),
- План за управување со отпад на Република Северна Македонија 2021–2031;
- Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030);

- Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) – поглавје Животна средина;
- Стратешки план на министерство за животна средина и просторно планирање 2026-2028.

Во областа на климатските промени и енергетиката:

- Интегриран национален план за енергија и клима 2025–2030 ;
- Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година;
- Долгорочна стратегија за климатска акција и Акциски план;

Во областа на транспортот:

- Национална транспортна стратегија 2018–2030;

Во областа на индустријата:

- Индустриска политика на Република Македонија 2009–2020 и Национална рамка за индустриска политика и конкурентност, вклучувајќи ја Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија (2024–2027);

Во областа на здравството:

- Национален акциски план за здравје и животна средина.

Во областа на управувањето со водите, Планот е поврзан со:

- Стратегија за водите на РС Македонија (2011-2041 година);

Во делот на природата и биодиверзитетот:

- Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027.

Во однос на управувањето со земјоделството и шумарството:

- Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2023-2027 година;
- Стратегија за изменување и дополнување на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија, со Акциски план 2024-2026;

Планови за квалитет на амбиентниот воздух:

- План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во Скопскиот плански регион (Град Скопје) со Краткорочен план за квалитет на воздухот и годишни акциски планови за чист воздух за грејна сезона — клучен документ на локално ниво имајќи предвид дека Скопје е агломерацијата со најчести и најизразени надминувања на $PM_{2.5}$/PM_{10} согласно основната анализа во Националниот план за заштита на амбиентниот воздух;
- План за квалитет на воздух за општина Тетово;
- План за квалитет на воздух за општина Битола 2022-2026
- План за квалитет на воздух за општина Гостивар 2022-2026
- План за квалитет на воздух за општина Велес 2023 - 2027
- План за квалитет на воздух за општина Прилеп 2023-2026
- План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздухот за Општина Струмица за период 2025-2029
- План за подобтување на квалитетот на амбиенталниот воздух за Општина Струга за период 2023-2027
- План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух за Општина Куманово (ревидиран) за период 2022-2026
- План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух за Општина Гостивар (ревидиран) за период 2022-2026
- План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух за Општина Кавадарци (ревидиран) за период 2022-2026

- План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздухот за Општина Гевгелија за период 2023-2027

Други стратешки документи:

- Програма за развој на Полошки плански регион 2021 – 2026;
- Програма за развој на Скопски плански регион 2021 - 2026 година,
- Програма за развој на Југоисточниот плански регион 2021-2026 година,
- Програма за развој на Југозападен плански регион 2021-2026 година,
- Програма за развој на Североисточен плански регион 2021-2026 година,
- Програма за развој на Источен плански регион 2021-2026 година,
- Програма за развој на Пелагониски плански регион 2021-2026 година,
- Програма за развој на Вардарски плански регион 2021-2026 година,
- Национална развојна стратегија (2024-2044).

Поврзаноста со наведените документи е двонасочна. Секторските стратегии и планови за енергија, транспорт, земјоделство, отпад, клима и развој ги определуваат клучните претпоставки за активност, горива, технологии и инвестиции врз кои се засноваат емисионите проекции и дел од мерките во Планот. Наспроти тоа, Планот ја додава специфичната перспектива на квалитетот на амбиентниот воздух: постигнување на граничните и целните вредности, намалување на изложеноста и здравствените ризици и приоритизација на мерките во жаришта. Нацрт Националната програма за контрола на загадувањето на воздухот (NAPCP) ја обезбедува комплементарната национална рамка за намалување на емисиите. При спроведувањето треба да се обезбеди конзистентност на сценаријата, роковите, индикаторите и финансирањето и да се избегне дуплирање или конфликт меѓу секторските мерки.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

Дел од клучните секторски насоки што се преземаат или се надградуваат со Планот веќе биле предмет на стратегиска оцена во рамките на други национални плански документи, меѓу кои Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година и Националната транспортна стратегија 2018–2030. Во текот на оваа СОЖС треба да се користат релевантните базни податоци, идентификувани чувствителни рецептори, алтернативи, мерки за избегнување и ублажување и мониторинг од тие оценки, но само доколку се сè уште актуелни и применливи. Претходните оценки не ја заменуваат оваа СОЖС, бидејќи предметниот План интегрира нов пакет на мерки, понови емисиони и здравствени податоци, нови сценарија и различен временски хоризонт. Заклучоците од тековната СОЖС ќе се интегрираат во конечната верзија на Планот.

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).

Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година воспоставува стратешка рамка за политики, мерки и инвестиции што можат да се разработат преку последователни планови, програми, тендерски/инвестициски програми и проекти. За да се обезбеди „tiering", конечната верзија на Планот треба експлицитно да ги дефинира релевантните СОЖС услови, локациски критериуми, мерки за избегнување и ублажување и индикатори за мониторинг што ќе се пренесуваат кон одлуките на пониско ниво. Зависно од природата и обемот, ќе се применуваат постапки за стратегиска оцена на животната средина, оцена на влијанието врз животната средина, оцена на прифатливоста за еколошката мрежа, елаборати и/или интегрирани еколошки дозволи.

Во последователните постапки ќе се оценуваат локациските и проектните влијанија врз воздухот, климата, водите, почвата, биолошката разновидност, природното и културното наследство, бучавата, отпадот, материјалните добра, населението и здравјето, вклучително кумулативни влијанија и ризици од несреќи. Проектните оценки ќе ги дополнуваат, а не ќе ги заменуваат стратешките заклучоци на оваа СОЖС. Усогласеноста со условите и индикаторите од СОЖС треба да се следи преку системот за мониторинг и известување за спроведувањето на Планот. Заклучоците и препораките од СОЖС за Националниот план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година треба да бидат интегрирани во конечната верзија на Планот и во критериумите за избор и приоритизација на мерките. Тие треба да се земаат предвид при подготовката и одобрувањето на последователни планови, програми и проекти, а нивното спроведување да биде предмет на мониторинг, со цел да се обезбеди континуитет на заштитата на животната средина и здравјето во целата хиерархија на планирање.

ИЗЈАВА	**Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.**
Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот	**Заменик Министер за животна средина и просторно планирање, Ане Лашкоска**
Датум **Место**	24.08. 2026 год. Скопје

Прилог 1 Цели на планскиот документ "Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година"

Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија за период 2027-2031 година обезбедува единствена, кохерентна рамка за постигнување на следните специфични цели:

1) Подобрување на квалитетот на воздухот преку настојување да се исполнат граничните вредности на концентрацијата на загадувачките супстанци, целните вредности и критичните нивоа утврдени според важечкото законодавство за квалитет на воздух во најкраток можен рок во сите зони и агломерации на Република Северна Македонија;
2) Во областите каде што концентрациите на загадувачките супстанци ги надминуваат овие вредности, дефинирање и спроведување на целни мерки за намалување на изложеноста на населението и минимизирање на нивоата на концентрација во максимална можна мера; и
3) Одржување на квалитетот на воздухот таму каде што е веќе добар со обезбедување дека концентрациите на загадувачките супстанци остануваат под важечките гранични вредности, целните вредности и критичните нивоа во сите зони и агломерации каде што овие стандарди веќе се исполнети.

Овие цели треба да се постигнат преку:

a) Намалување на емисиите од клучните извори на емисија за загадувачките супстанци што ги надминуваат дефинираните стандарди ви ЕУ и националното закаонодавство со избор и имплементација на соодветни мерки што значително ги намалуваат емисиите од релевантните сектори; и
b) Намалување на изложеноста на населението на штетни нивоа со примена на мерки за ублажување на изложеноста кои, иако не ги намалуваат емисиите на загадувачките супстанци, ќе ја намалат изложеноста на граѓаните на нивните штетни концентрации во атмосферата.

Цел / насока	**Содржина**
Општа цел	Да се постигне и одржува усогласеност со стандардите за квалитет на амбиентниот воздух утврдени со важечкото национално законодавство преку ефективни, пропорционални и засновани на докази мерки, со истовремено прогресивно усогласување со Директивата (ЕУ) 2024/2881.
Специфична цел 1 – подобрување на квалитетот на воздухот	Да се подобри квалитетот на воздухот преку стремеж кон исполнување на граничните вредности, целните вредности и критичните нивоа утврдени со важечкото законодавство за квалитет на амбиентниот воздух во најкраток можен рок во сите зони и агломерации на Република Северна Македонија.

Цел / насока	Содржина
Специфична цел 2 – намалување на изложеноста	Во областите каде што концентрациите на загадувачки материи ги надминуваат применливите вредности, да се дефинираат и спроведат целни мерки за намалување на изложеноста на населението и минимизирање на нивоата на концентрација во најголема можна мера.
Специфична цел 3 – одржување на добар квалитет на воздухот	Да се одржува квалитетот на воздухот таму каде што е веќе добар, обезбедувајќи концентрациите на загадувачки материи да останат под применливите гранични вредности, целните вредности и критичните нивоа во сите зони и агломерации каде што овие стандарди веќе се исполнети.
Насока за спроведување – греење во домаќинствата	Забрзана замена на неефикасните уреди за греење на цврсти горива во домаќинствата и постепено укинување на употребата на јаглен, со премин кон почисти системи и горива (RH-01).
Насока за спроведување – транспорт	Спроведување пакет транспортни мерки (TR-01 до TR-10), вклучително забрзано повлекување на Euro 0–4 возила, постепено заострување на увозните стандарди, шема за отстранување стари возила, засилен технички преглед и контрола на емисиите, зелени јавни набавки, обновување на јавниот транспорт, поттикнување електрични возила, ниско- и нулта-емисиони зони, активна мобилност и инфраструктура за алтернативни горива.
Насока за спроведување – индустрија и енергетика	Спроведување на барањата за индустриски емисии кај големите согорувачки постројки (IE-01), спроведување на барањата за средните согорувачки постројки (IE-02) и построга контрола на индустриската употреба на растворувачи (IE-03).
Насока за спроведување – земјоделство	Спроведување нискоемисиони техники за примена на течен арски отпад од свињарство (AG-01), промена на формите на минерални ѓубрива (AG-02) и делумна забрана за палење земјоделски остатоци на отворено (AG-03).
Поддржувачки мерки – институционално и техничко зајакнување	Спроведување на дополнителните поддржувачки мерки SM-01 до SM-20, вклучително образование и јавна свест, вклучување на засегнатите страни, планирање и моделирање, мониторинг и лабораториски капацитети, инспекција и спроведување, институционален и административен капацитет, истражување, преглед и поддршка на имплементацијата.

Извор: Draft National Air Quality Plan for the Republic of North Macedonia for the period 2027/2031, August 2026.